14512-4

Вечер, Скопје, 6.II 1971,

### ДЛУПУМ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ИЗЛОЖБА ВО ПАРИЗ

# ИЗНЕНАДЕНИ СМЕ ОД КОЛЕГИТЕ НА ДЛУМ

**Советот на Друштвото на ликовните уметници за применета уметност на Македонија, се осврнува на подготовките за југословенската изложба во Париз, во врска со неодамнешниот пленум на ДЛУМ. Во писмото до нашата Редакција се вели:**

„Друштвото на ликовните уметници на Македонија на 16 јануари оваа година свика пленум со дневен ред: **„Односот на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и ликовните институции — повод југословенската изложба во Париз“.**

Изложбата „Уметноста во Југославија од предисторија до наши дни“ сосема оправдано предизвика интересирање и нејзината концепција и организација бараше сестрана анализа во редовите на сите ликовни работници.

Оваа изложба предизвика интересирање и кај членовите на Друштвото на применетите уметници на Македонија, бидејќи од информациите за експонатите што ќе ја сочинуваат експозицијата се гледа дека главно е составена од дела на применета уметност — уталитарни предмети што го создавале со векови народите на тлото на Југославија (керамика, дрвени и метални предмети, ракописи, икони и други), па заради тоа се поставува прашањето: **зошто делот на дваесетти век на изложбата е составен само со творби од таканаречената „чиста ликовна уметност“ а не и со дела што се производ на современата применета уметност?**

Очекувајќи Пленумот на ДЛУМ според закажаниот дневен ред да заземе одредени ставови за содржинската оцена на изложбата, особено со што се експонира дваесетти век на народите на современа Југославија, а не со кои автори, изненадени сме од заклучоците од Пленумот на ДЛУМ што ги објави во печатот. Во нив воопшто не се зборува за изложбата, туку се упатуваат напади на личност и Музејот на современа уметност во Скопје.

**Нé изненадува ставот на колегите од ДЛУМ. Место со своите искажувања да помогнат како во иднина при конципирање на вакви изложби и организирање на слични манифестации во земјата и странство да се согледува целосно ликовното творештво во таканаречената синтеза на пластичните уметности.**

Согледувањата на овој план неодамна Музејот на современа уметност во Скопје во вид на предлог за дискусија ги достави до здруженијата за ликовни уметници, архитектите, други институции од областа на културата и до одделни културни и јавни работници.

**Преку заедничкото обликување на оваа програма, сите заинтересирани можат да најдат поле за соработка за тоа да стане составен дел на движењето во современото пластично творење во нашата Република. Програмата дава можност за отворање дијалози, изградување заеднички естетски станови, за организирање разновидни експозиции во салоните на Музејот и надвор од него, за ликовно воспитување и информирање на јавноста.**

Ваквата ориентација на Музејот ја потврдува и практиката на неговото делување од неговото основање до денеска и не ни дава за право да се сложиме со заклучоците на своите колеги од ДЛУМ. Сметаме, членовите на друштвата на ликовните и применетите уметници, ликовните педагози, архитектите, историчарите на уметноста, музејските работници, јавните и културни работници здружено да ги обединат своите креативни сили во програмирањето развојот на пластичните уметници во нашата Република, се проверат ставовите и овозможи прифатлива реализација со што ќе се истакне индивидуализмот и монополизмот во оваа област“.